СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јули 1994 година

Скопје, јули 1994 година

**ДИСКУТАНТИ ОД 76-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21 јули 1994 г.**


1. ЃЕОРЃИЕВСКИ ЉУПЧО - 17 дневен ред на стр.19
2. ПЕТРОВ ТОДОР - 2, 6, 9, 14
3. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 15, 16


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 21 јули 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, нека влезат сите пратеници во салата, нека седнат на своите места и да го утврдиме точниот број на присутни. Во зградата има влезено 62 пратеника.

(46 пратеници се во салата).

Молам, во 13 часот ќе го утврдиме точниот број на пратеници.

(Во 13 часот се утврди повторно точниот број на пратеници).

Молам пратениците да седнат на своите места и да го утврдиме точниот број на присутни пратеници.

Точниот број на присутни пратеници е 63, значи имаме кворум за работа.

Ја отворам 76-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Благоја Чкатроски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница своевремено ја свикав заради законските обврски за формирање на посебна комисија за надгледување на заштитата на личните податоци од пописот во 1994 година и потребата за што поскоро започнување на постапката за избор на судии.

Исто така, по барање на Владата на Република Македонија и Комисијата за прашања на изборите и именувањата поради итност предлогот на дневниот ред ќе го дополни со Предлогот за донесување на закон за Црвениот крст на Република Македонија, со Предлог на закон и со предлози на одлуки за избори и именувања и разрешувања од делокругот на Собранието.

Пратениците Тодор Петров и Гулистана Марковска му предлагаат на Собранието по итна постапка да ја донесе Декларацијата за македонско - грчките односи.

Предлогот на декларацијата и мислењето на Владата ви се доставени.

Го молам предлагачот да ја образложи основната и недоложна потреба за донесување по итна постапка на оваа декларација.

Господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На 11 март 1994 година поднесено е барање од пратеникот Тодор Петров за свикување на итна седница на Собранието со единствена точка на дневен ред Информација за македонско - грчките односи. До денес претседателот на Собранието не свика таква седница. На 10 март о.г. поднесено е исто така барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за свикување, исто така, на итна седница на Собранието со единствена точка на дневен ред Информација за текот и резултати те од македонско - грчките разговори. До денес претседателот на Собранието исто така не постапи по наведеното барање.

I/3.-

На 8 април о.г. започна 74-та седница на Собранието. Од пратениците беше побарано дополнување на дневниот ред со истата точка Информација за текот и резултатите од македонско - грчките разговори. Меѓутоа, Собранието таквиот предлог не го прифати, а претставникот на Владата министерот за правосудство Туше Гошев, по повод барањето н предлогот го извести Собранието дека Владата на првата наредна седница ќе доставена таква информација. Во меѓувреме започна 75-та седница на 10 мај 1994 година. Повторно од страна на пратеници беше укажано дека и после 40 дена Владата се уште нема доставено информација, иако таква обврска превзеде.

На 19 април о.г. пратениците Петров и Гулистана Марковска до Собранието на Република Македонија поднесоа Предлог - декларација за македонско - грчките односи.

Предлагаме оваа декларација по итна постапка да биде ставена на дневен ред на оваа седница, од причини заради неможност или незнаење евентуално кога Собранието ќе свика некоја редовна седница за која овие предлог - точки што се предлагаат би биле ставени во процедура. По донесувањето на барањето во Македонија за прием во членство на Организацијата на Обединетите Нации грчкото спротивставување и уцени во Македонија од Европската Унија се пренесоа и во Обединетите Нации. Македонската дипломатија, наводно, води некакви разговори, одржува средби, контакти со меѓународни емисари и државници, меѓутоа сето тоа е обвиткано со голема доза на тајност, недореченост, демантирања, подметнувања, информации, дезинформации, преземање, пред се, вести од страна на грчките информативни средства. И покрај тоа што пратениците имаат право на постојано и редовно известување за сите прашања и проблеми за работата на Владата, за работата на државните органи на управата, за

тековните состојби за остварувањето на политиката што ја утврдува Собранието и за извршувањето на законите и другите општи акти, односно прописи, Парламентот целосно е заобиколен и оставен без никакви информации, пред се, од органите кои тој Парламент ги избрал, Владата, и претседателот на Државата.

Информациите се сведуваат на она што средствата за јавно информирање го пренесуваат и тоа претежно за настани за и околу Македонија преземени од странски известувачки кругови, странски средства за информирање, особено според извори од соседна Република Грција.

Во обраќањата на грчката Влада информирани сме за условите што таа ги поставува или ултиматумите спрема Македонија делумно или никако, Македонија е под трговско ембарго со блокадата на македонско - грчката граница, Владата на Република Македонија ниту усно за тоа досега не ги информираше пратениците во македонскиот Парламент. Утврдувањето на надворешната политика е изместено од Собранието во Владата и претседателот на државата, меѓутоа тие без никаква грижа на совеста не наоѓаат за потребно досега да го информираат Парламентот официјално и објективно за македонско - грчките односи и развојот на ситуацијата на македонско - грчката граница по воведената блокада. Амбасадорот на Македонија во Обединетите нации дури по еден месец доставува демарш до Советот за безбедност во врска со« развојот на ситуацијата и можната дестабилизација за п широкиот регион.

Претседателот Глигоров досега издаде веќе две изјави со кои прифати некаква флексибилност за разговори по сите прашања, па дури се согласи да разговара за името, Уставот и државните симболи без некое одобрување полномошно од Парламентот на Македонија. Дури во системи со чисто претседателски системи за сите активности

пратениците на надлежните државни органи добиваат соодветна, редовна и навремена информација. Од овие причини за мене целосно е неприфатливо мислењето на Владата, според која вели дека истата не содржи Предлог - декларацијата, никакви нови ставови или конкретни предлози, кои би можеле да бидат вградени, односно изнесени во дијалогот со грчката страна и од тие причини на Собранието му предлага евентуално да не расправа или да не ја прифати Предлог - декларацијата што е предложена.

Лично сметаме како предлагачи, двајцата пратеници дека на овој начин се создава формално - правни претпоставки Собранието во отсуство на соодветни информации од Владата да го разгледува актот Декларација за македонско - грчките односи со кои ќе се изгради соодветен политички став за односите меѓу Македонија и Грција, односно Република Македонија и Република Грција со правата и овластувањата на Парламентот да ја утврдува надворешната политика на Република Македонија. Сметаме дека на тој начин ќе се обезбеди соодветна основа и за идните постапувања во односите и разговорите на официјалните претставници на Република Македонија со Република Грција и меѓународните посредници и на тој начин ќе се создадат претпоставки да се водат разговори, да се преземат соодветни мерки и активности за сите прашања, пред се, од заеднички интерес заради продлабочување на врските и пријателствата меѓу двете земји и народи.

Од овие причини на Собранието му предлагаме да ја стави оваа декларација за македонско - грчките односи на дневен ред и по неа позитивно да се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на пратениците Тодор Петров и Гулистана Марковска Декларацијата за македонско - грчките односи да се донесе по итна постапка, молам, да крене рака.

17 пратеници гласаа за.

Според тоа, констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Тодор Петров му предлага на Собранието по итна постапка да ја донесе Резолуцијата за положбата и правата на македонците со мухамеданска вероисповест.

Предлогот на резолуцијата и мислењето на Владата, ви се доставени.

Го молам пратеникот Тодор Петров да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на оваа резолуција.

Има збор господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На 9 април о.г. се одржа Трибина во Домот на Армијата од страна на Републичката заедница на културно - научните манифестации на македонците - муслимани. Еден од заклучоците на оваа трибина беше да се достави барање и постави на дневен ред во Собранието со донесување посебна резолуција за положбата и правата на македонците со мухамеданска вероисповест, имајќи ги предвид актуелните проблеми и состојби со кои се соочуваат припадниците на македонскиот народ од оваа конфесија. Имајќи ги предвид и нивните барања доставени до Владата за донесување посебна програма, која што ќе обезбеди подобрување на положбата и правата на македонците со мухамеданска вероисповест, во Собранието на Република Македонија поднесов една резолуција за положбата и правата на македонците со мухамеданска вероисповест, за која сметам дека постојат сите претпоставки за нејзино донесување и усвојуваше со која Собранието ќе утврди соодветен свој политички став по однос на ова прашање, а воедно и му препорачува одредени задолженија на надлежните државни органи за постапување

по нив, согласно одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија. На овој начин сметам дека Собранието треба, тргнувајќи од историската вистина и почитувајќи ги правата и слободите на човекот и граѓанинот јасно и недвосмислено да укаже дека македонците со мухамеданска вероисповест се нераскинлив и неразделив дел од македонскиот народ, со оценка дека во изминатиот период неоправдано и неправедно се запоставени положбата и правата на истите. Сметам дека треба Собранието да ја изрази загриженоста за процесот за се позасилената денационализација, асимилација кај овој дел на македонскиот народ од позиции на исламскиот фундаментализам и злоупотреба на исламот за политички цели од страна на одделни политички субјекти во Републиката кои што применуваат соодветни мерки и активности за денационализација и асимилација на овој дел од македонскиот народ.

Во мислењето на Владата доставено до Собранието на Република Македонија од 11 јули се наведува дека Владата не прифаќа усвојување на таква посебна резолуција од причина што слободата на вероисповест и слободното изразување на верата, која слободно е лично право на секој граѓанин и човек и според Уставот таа со ништо не може да се условува, ограничува или забранува. Токму спротивно резолуцијата, ниту ја ограничува слободата на веросиповетта, не го ограничува слободното изразување на верската припадност, која нормално е лично право на секој граѓанин, меѓутоа и ја утврдува позицијата на Парламентот како законодавен орган преку еден ваков акт да утврди соодветни свои ставови за положбата и правата на македонците со мухамеданска вероисповест и нормално да и препорача на Владата со соодветни мерки да во извршувањето на политиката преземе дејствија за

подобрување на положбата и правата на припадниците на македонскиот народ од оваа вероисповет. Во таа насока се предлага Собранието на Република Македонија да и препорача на Владата да донесе посебна долгорочна програма за положбата и правата на македнците со мухамеданска вероисповед и врз основа на неа годишни програми со кои ќе се утврдува обемот и динамиката за развој на недоволно развиените подрачја и населени места каде што живеат македонци со мухамеданска вероисповед. За преземените мерки и активности редовно да се известува Собранието на Република Македонија.

Собранието, исто така, предлага да и препорача на Владата да го преиспита својот однос кон политиката на отворање детски градинки, забавишта и паралелки во основните училишта на албански и турски наставен јазик во населените места каде што живеат македонски со мухамеданска вероисповед и да го заштити редот и мирот на овие граѓани со спречување на политичко дејствување на партии и разни хуманитарни организации, кои вршат злоупотреба на исламот за политички цели.

Во истата смисла Собранието предлагам да и препорача на Владата при отворањето на детските градинки, забавишта и паралелки во основните училишта да го почитува правилото на говорниот јазик на населението и да ја спречи злоупотребата на децата за политички цели.

Од причините изнесени во образложението за донесување на оваа резолуција, предлагам Собранието истата да ја постави на дневен ред и позитивно да се произнесе по неа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Тодор Петров Резолуцијата за положбата и правата на македонците со мухамеданска вероисповед да

се донесе по итна постапка, молам да крене рака.

20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратениците Мерсим Положани, Абдурахман Алити, Насер Зибери и Неим Селмани му предлагаат на Собранието по итна постапка да го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија во 1994 година.

Предлогот на законот и мислењето на Владата ви се доставени.

Молам, предлагачот да ја образложи основната и неодложна потреба да донесување по итна постапка на овој закон.

(Го повлекуваат законот).

Пратеникот Тодор Петров му предлага на Собранието по ит- на постапка да ја донесе Декларацијата за односите меѓу Македонската православна црква и Српската православна црква.

Предлогот на декларацијата и мислењето на Владата ви се доставени.

Го молам претставникот Тодор Петров да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на оваа декларација.

Збор има господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На 23 јуни во Собранието на Република Македонија поднесов предлог по итна постапка на декларација за односите меѓу Македонската православна црква и Српската православна црква.

Мислењето на Владата, за мене лично како пратеник, воопшто е

неприфатливо. Не се работи за никакво мешање надлежностите помеѓу државата и црквата, како што тоа е наведено во мислењето од Владата. Не се игнорира светиот архерејски синод на Македонската православна црква, ниту пак се преземаат надлежностите во поглед на односите помеѓу Македонската православна црква, кои ќе ги гради со соодветните други православни цркви во светот.

Со Предлог - декларацијата не се предлага ниту пропишување на односите во Македонската православна црква и организацијата на Македонската православна црква, туку заштитата на положбата, имотот и правата на Македонската православна црква во Република Македонија. Затоа и начелата врз кои се заснова Декларацијата се заштита на самостојноста на македонската држава, заштита на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет, заштита на историското, културното и духовното наследство, заштита на Македонија како национална држава на македонскиот народ, гаранција,заштита и унапредување, како и збогатување на историското и уметничкото богатство на македонскиот народ и обврската која што според Уставот оваа држава ја има, заштитата на предметите и објектите од особено културни историско -значајни определени како добра од општ интерес, а во што спаѓа поголем дел од имотот и православните цркви каде што се вршат обредите на Македонската православна црква. Негирањето на постоењето на самобитноста и самостојноста на македонскиот народ и македонската држава од страна на соседите на Македонија е прашање присутно на овие простори од времето на поделбите на Македонија. Во рамките на тоа и негирањето на постоењето на самобитноста и самостојноста на Македонската православна црква.

Од сосема позната причина православните цркви на соседните земји ја спроведувале токму денационализацијата и асимилацијата врз

македонскиот народ преку ропството и наметнатата позиција која што ја вршеле спрема македонците, Српската православна, Бугарската православна и Грчката православна црква во времето на Српската, Бугарската и Грчката окупација на Македонија.

Проблемите на непризнавањето на македонскиот народ, македонската држава и Македонската православна црква беа присутни и во времето на поранешна СФРЈ од страна на Српската православна црква. Таквата тенденција продолжува и по дефинитивното распаѓање на поранешна СФРЈ. Српската православна црква, односно нејзиниот свети архиерејски синод и свети архиерејски собор со своите најнови закани и напади насочени против Македонската православна црква, кои се одвиваат континуирано ја оспоруваат автокефалноста односно самостојноста на Македонската православна црква. Го негираат постоењето на македонскиот народ и македонската држава се до упорното барање за враќање на Македонската православна црква во каналско единство со Српската православна црква. Се именуваат администратори на територијата на Република Македонија, што претставува агресија врз територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Се врши мешање во внатрешните работи на други држави и цркви. Поконкретно, сериозна закана и провокација за мирот и безбедноста на овој дел на Балканот.

Во сите свои меѓународни средби со Бугарската, Грчката и Руската православна црква, Српската православна црква го негира постоењето на Македонската православна црква и создава меѓународна клима на недоверба меѓу македонскиот народ, држава и црква.

Најновиот ултиматум насочен кон Македонската православна црква пристигна во форма на тримесечен ултиматум за враќање на високиот клер односно на епископатот и свештенството на

Македонската православна црква во крилото на Српската православна црква. Веќе неколку пати се прават провокации од страна на српскиот клер за упатување архиереи и администратори во Македонија за што се користат одделни екстремистички сили во Македонија, кои сонуваат за голема Србија, возобновување на некаква Југославија, создавање на некакви српски краини во Македонија и за наводна загрозеност на Србите во Македонија, а всушност од позиции за непризнавање на македонската држава.

Кон ваквата атмосфера погодуваат и одделни изјави на македонски министри, кои изјавуваат дека нема пречки некоја црква да побара и да добие регистрација за основање дијаспорни цркви во Македонија со право да гради свои цркви и да го организира верскиот живот на своите верници. Особено, што тоа прашање досега воопшто не се поставуваше, а неговата реализација ќе значи директно разнебитување на македонското национално ткиво и колонизација на Македонија од довчерашните поробувачи, кои денационализацијата и асимилацијата врз македонскиот народ ја вршеа и ја вршат токму преку црквите. Тоа се правеше во минатото, тоа се прави и денес со нашите иселеници, сонародници, македонци низ светот. Од причини на потреба та државата да ја заштити самобитноста и самостојноста на Македонската православна црква, која е национална црква на македонскиот народ нужно се наметнува неодложната потреба која навлегува во основата на постоењето на оваа држава. Државата да реагира на соодветен начин, Владата со конкретни мерки, а Собранието со утврдување на општ политички став по ова прашање.

Државата, за мене лично, не може да остане по ова прашање индиферентна со образложение дека постои подвоеност помеѓу државата и црквата, а да не ги заштити имотот и правата, самостојноста

и самобитноста на Македонската православна црква, бидејќи имотот на Македонската православна црква е историско и културно наследство на целиот македонски народ, национално богатство, за што е утврдена уставна гаранција за негова заштита по членот 56 од Уставот на Република Македонија.

II/1.-JJ/OM

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Он—овие причини му предлагам на Собранието да ја прифати декларацијата за односите меѓу Македонската Православна Црква и Српската Православна Црква, со што ќе утврди соодветни препораки до Владата на РМ да ја обезбеди забраната за пристап на територијата на РМ на какви и да е свештено служители од Српската православна Црква од Бугарската Православна црква , од Грчката Православна црква , како и на која и да е Православна Црква, се додека ги негираат постоењето, самобитноста и самостојноста на Македонската Православна црква, македонската држава и македонскиот народ и додека не воспостават соодветна канонска соработка врз рамноправни основи и взаемно почитување на Македонската Православна Црква.

Од овие причини и наведеното образложение предлагам Собранието да ја усвои оваа декларација на дневен ред и по неа позитив но !да се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Тодор Петров, декларацијата за односите на Македонската Православна Црква и српската Православна Црква да се донесе по итна постапка, молам да крене рака.

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Со оглед на итниот карактер на точките што се предлагаат на оваа седница и потребата од продолжувањето на 74-та седница, предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други прашања и да не се поставуваат пратенички прашања.

II/2.-

Кој е за молам, да крене рака?

45 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

17 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласањето.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Г-динот Томислав Стојановски бара збор за процедурална интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се јавив меѓутоа, резултатот од гласањето утврди дека не се усвои предлогот на претседателот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се усвои.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не се усвои.

Било што да се усвои мора да има најмалку 41 глас. Вие имате 35 гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме 45.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако лошо разбрав, не знам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па не сте чуле. Не се слуша. 45 се за.

II/3.-

**ТОМИСЛАВ СТО ЈАНОВСКИ.**

Нека е, тогаш уште полошо е за претседателот.

Господа, сфатете едно ова е демократски парламент или Собрание. Дојдовме до позиција да ги уништиме основните правила на однесување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа нема врска со процедурата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално, нашиот Деловник каков е таков е, ние последните десет седници што ги закажуваме сме без демократскиот институт - пратеничко прашање. Јас не можам да разберам како може да се одлучува, демократијата да се ограничи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за тоа одлучи Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:.**

Одлучи, сега да знаете во Деловникот стои, пратеничките прашање не се утврдуваат во дневниот ред. Тие секогаш се на дневен ред за секоја седница. Вие не поставивте прашање да се исклучи од дневен ред. Затоа пратеничките прашања на оваа седница ќе одат. Сакам да сум на јасно дека ова право на пратениците не им е одземено. И г-дине претседателе ако вака се продолжи нам Владата не ни треба како Влада за Влада. Ни треба Влада за држава. Ако ние не можеме да вршиме контрола над Владата за секоја седница поради итноста и да не можат да се поставуваат пратенички прашања, тогаш ова е работнички совет или централен комитет. Го поставувам како процедурално прашањето, затоа што не може да се исклучи пратеничкото прашање како институт.

II/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро Ве молам, се разбира тоа не е прашање туку тврдење. Собранието за тоа одлучи.

И г-динот Ѓеоргиевски има процедурална интервенција.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Како и мојот колега и јас имам неколку процедурални забелешки.

Прво сметам и го поддржувам колегата Стојановски дека не може туку така да се помине преку ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама ние немаме расправа за тоа. Процедурално кажете која Ви е интервенцијата. Да видиме што е, а тоа што го поддржувате воопшто не е важно.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Процедуралната интервенција е првата и е токму во тоа, дека се минимизира од страна на претседателот на Собранието институтот пратенички прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама за тоа одлучивме на оваа седница. Вашето мислење на јавноста можете да го соопштите било како, но потоа процедурална дискусија нема.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Добро, еве јас тоа Ви го кажувам па Вие како што си играат со демократијата, можете и со ова прашање да си играте.

II/5.-

Второ зошто претседателот на Собранието сите предлози што се доставено писмени овде не ги прочита за да се гласа за нивно ставање во дневниот ред. Еве овде имам пред мене, даречеме, предлог од страна на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за бараше за ставање во дневен ред за актуелно безбедносната ситуација во РМ, со посебен осврт на актуелно - безбедносната состојба во општина Тетово. Од каде тоа, некои барања, се поставуваат од страна на претседателот на Собранието додека други барања што се поставени од Пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ, не можеме да ги чуеме за ставање на дневниот ред.

Следната процедурална забелешка е зошто претседателот на Собранието денеска не ги постави законите од економијата во РМ, за кои што сметаме дека се од суштествена важност за стопанството и економијата во РМ, а сите точки што ни се поставени денеска на дневен ред, се точки со кои се решаваат кадровски проблеми на Владината коалиција. И до кога треба да чекаме на економските закони во овој македонски парламент да ги решаваме и да дискутираме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, првото го расправивме.

Втората забелешка зошто некои предлози на ВМРО-ДПМНЕ не се овде предложени од моја страна, тие предлози на ВМРО-ДПМНЕ се пред- ложени во редовна постапка, а не во итна постапка. Сите овде што беа по итна постапка ги предложивме и за нив се изјаснивме.

Што се однесува до економските закони имаме допис од Владата, се разбира и за тоа ќе организираме друга итна седница, затоа што за тоа ќе бидат потребни и евентуално некои и на работните тела.

За оваа седница го предлагам следниот дневен ред.

II/6.-

1. Предлог на одлука за именување претседател и членови на Посебна комисија за надгледување на заштитата на личните податоци од пописот на населението, домаќинствата становите и земјоделските стопанства во република Македонија во 1994 година;

2. Предлог на одлука за објавување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

3. Предлог за донесување на закон за Црвениот крст на Република Македонија, со Предлог на закон:

4. Предлози на одлуки за изменување на одлуките за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на РМ од редот на научните и стручните работници;

5. Предлог на одлука за именување вице гувернер на Народната банка на РМ;

6. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови за Одборот за доделување на наградата"Мито Хаџи- Василев - Јасмин" ;

7. Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници во Републиката на органи на управување;

8. Предлог одлуки за изменување на Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за музичка уметност - Скопје;

9. Предлози на одлуки за именување членови на Конкурсни комисии, за именување на индивидуални работоводни органи;

10. Предлози на одлуки за избор ан членови на управни одбори на одделни здравствени организации

11. Предлог одлука за избор на Конкурсна комисија за именување на колегијален работоводен орган на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството;

12. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Републичкиот совет за безбедноста во сообраќајот на патиштата;

13. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за општествен надзор и претставки и Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и Комисијата за образование, наука и култура;

14. Предлози на одлуки за изменување на одлуките за формирање на пратенички групи за меѓупарламентарна соработка со Република Турција, република Албанија и Република Бугарија;

15. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Советот на Народната банка на РМ;

16. Предлог на одлука за именување членови на посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Стоматолошкиот факултет.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

50 пратеници гласаа за.

Дали некој е против?

5 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници се воздржуваат.

Молам дајте ми точен број на присутни пратеници во салата.

(се врши пребројување на присутните пратеници).

II/8.-

63 пратеника присуствуваат во салата и имаме кворум. Констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Минуваме на **<u>точката 1</u>** - <u>Предлог на одлука за именување претседател и членови на Посебна комисија за надгледување на заштитата на личните податоци од пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија во 1994 година.</u>

Предлагам по оваа точка пратеник да зборува само еднаш и тоа во траење до 7 минути,а координатите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог , молам да крене рака?

51 пратеник гласаа за.

Дали има некој против?

2 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од

Констатирам дека предлогот е усвоен.

И констатирам дека од овој момент немаме кворум за работа.

Давам пауза да се дојде до кворум.

Паузата е да останеме сите во салата и да се најадат луѓето. Нема кворум.

Молам да се обезбеди кворум. Повторно ќе се преброиме во 14,15 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,52 часот).

(По паузата) Седницата продолжи со работа во 14,25 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, нека влезат сите пратеници во салата.

(Се пребројуваат пратениците, но нема доволен број.)

Бидејќи не можеме да се собереме,ја прекинувам седницата, а ќе продолжиме идниот вторник во 10,00 часот, и ги молам координаторите на пратеничките групи да обезбедат доволен број пратеници за да може да се работи.

(Седницата прекина со работа во 14,26 часот).